ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
бр. 04-475/1
01.03. 2018 год
БИТОЛА

# Д О Г О В О Р

## за правата, обврските, одговорностите, платата и надоместоците на Директорот на ЈП "Стрежево" - Битола

чл.1

Со овој договор се уредуваат правата, обврските, одговорностите, плата и надоместоците на Методија Граматковски, д.е.и.,со ЕМБГ - 1811970410033 - директор на ЈП "Стрежево" - Битола, кои произлегуваат од Законот за Јавните претпријатија, Законот за трговските друштва, Општиот колективен договор и Статутот на ЈП "Стрежево" - Битола.

чл.2

Директорот на ЈП "Стрежево" - Битола одговорен е за навремено, квалитетно и ажурно извршување на задачите утврдени во Законот за Јавните претпријатија и Статутот на ЈП "Стрежево" - Битола.

Директорот го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор, учествува во спроведувањето основите на програмата за работа и развој, учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на претпријатието, врши усогласување на деловната активност на претпријатието и врши други извршни работи во врска со работата и работењето на претпријатието утврдени со статутот.

Директорот на ЈП "Стрежево" - Битола должен е на секои три месеци, писмено, да го известува Управниот одбор на Претпријатието за реализација на работите од став 1 на овој член.

чл.3

Директорот на претријатието заради поефикасно извршување на работите, должен е да предлага потребни мерки за отстранување на недостатоците во неспоредно извршување на работите и да превзема мерки за квалитетно, навремено и ажурно извршување на работите од делокругот на своите овластувања и одговорности.

чл.4

Директорот на Претпријатието за својата работа одговара пред Управниот одбор на претпријатието.

Директорот, ако изврши, односно донеси одлука за која знаел или за која со оглед на околносите, морал да знае дека ги повредува интересите на претпријаието, одговара согласно Законот за штетата настаната со таквата одлука.

чл.5

Платата на Директорот се утврдува:

Основна плата се утврдува на начин што основицата за просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика се множи со коефициентот 2,70 .

Основната плата утврдена во ст.1 на овој член се зголемува за 0,50% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

чл.6

Платата на Директорот се утврдува и исплатува месечно, во роковите во кое се врши пресметка и исплата на платите на работниците.

чл.7

Директорот на ЈП "Стрежево" - Битола може да биде разрешен од Управниот одбор, согласно Законот за Јавните претпријатија и Статутот на ЈП "Стрежево" – Битола, и истиот да се врати на работа во секторот од каде беше именован на соодветно работно работно место согласно образованието кое го поседува.

чл.8

Сите други права од работниот однос кои не се предвидени со овој Договор, Директорот ќе ги остварува согласно позитивните законски прописи, Статутот, колективниот договор и др. акти на претпријатието.

чл.9

Измени и дополнувања на овој Договор се врши во писмена форма во согласност на двете договорни страни.

чл.10

Споровите кои можат да настанат по овој договор, ќе се решаваат спогодбено. Во случај настанатите спорови да неможат да се решат по пат на спогодување, незадоволната странка може да поведе спор пред надлежниот суд во Битола.

чл.11

Овој договор се склучува на определено време од 4(четири години).

чл.12

Договорот се склучува во 6 примероци.

чл.13

Договорот се смета за склучен кога ќе го потпишат и двете договорни страни, а одредбите кои се однесуваат на платата ќе се применуваат од 01.03.2018 година.

Директор
Методија Граматковски, д.е.и.

Претседател на Управен одбор
Добри Петровски

02.03.18